| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ЛУПД за ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД БИОМАСА И БИОГАС ) НА К.П. 1556/1 И К.П. 1556/2 ВО К.О ОЗДОЛЕНИ ОПШТИНА ДЕБРЦА |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БИТОЛА |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | ГРАДОНАЧАЛНИК |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА бр. овл. 0.094 |
| Назив на работното место | ПЛАНЕР |
| Контакт податоци за лицето | 070 395 379 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Основа за изработка на ЛУПД со намена Е2-комунална супраструктура (производство на енергија од биомаса и биогас), на КП 1556/1 К.П: 1556/2 КО Оздолени, Општина Дебарца, ќе биде стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето според Планската програма и според Условите за планирање на просторот за изработка ЛУПД, кои произлегуваат од просторниот план на РМ.<br>Планот се изработува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/2014, 44/15, 193/15 и 31/16), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16 и 99/16) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место, и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонскоурбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог I или Прилог II, односно Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално** | | | |

| |
|---|
| **значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Локацијата има површина од 0.2 ха и се наоѓа на градежно непродуктивно земјиште (камењар). |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Планската програма како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организиран простор со различни намени, одредување намена за поединечни градежни парцели со алтернативни намени (како компатибилни на основната намена која е дефинирана со плански документи), планирање површини за градба со придружни и пратечки содржини, дефинирање оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции, и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничување на создадениот материјален фонд преку анализа на постојната состојба и создавање основна концепција за планираните површини.<br>Главната цел на ЛУПД е уредување и организирање на просторот преку:<br>• Одредување плански опфат во дефинирана зона на опкружување по приоритет и етапа на истражување и реализација<br>• Одредување градежни парцели<br>• Планирање на градежните парцели<br>• Утврдување на параметрите за големината на градбите врз основа на нормите за планирање на градбите<br>• Утврдување на системот на инфраструктурно опслужување на планираните содржини и градби<br>• Приклучок на планскиот опфат со потребна инфраструктура. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2019 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Предметниот простор за кој се изработува ЛУПД со намена Е2-комунална супраструктура ( производство на енергија од биомаса и биогас )на КП 1556/1 и К.П.1556/2, КО оздолени, Општина Дебарца, се наоѓа на периферијата на селото покрај патот за с.Сошани.<br>Локацијата има површина од 0.2 ха и се наоѓа на градежно непродуктивно земјиште (7 класа). |




| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не √ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните |

| | |
|---|---|
| води, влијанија врз амбиенталниот воздух. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина **нема** |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Дебарца на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 5507 жители, од кои 32.6% претставува расположива работна сила која што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. | |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во своето милениумско постоење,човековата цивилизација од праисторијата до денес на територијата нс Р.С.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни,историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето,континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.<br>Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет нс анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски ,опѓтествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.<br>Републичкиот завод за заштита на споменици на културата,за потребите на Просторниот план на Републиката изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижности на културно наследство од посебно значење. Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство на споменик на културата, односно на недвижни предмети за:<br>Археолошки локалитети, цркви, манастири, бањи, безистени, кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња,локации,блиските населени места,периодот на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.<br>Согласно постоечката законска регулатива,видови недвижно културно наследство се :<br>споменици,споменични целини и културни предели.<br>Охридско Преспанското подрачје изобилува со исклучително богатислоеви од културно наследство напластено од најдалечното минато,праисториски населби,споменици од античкиот и византискиот период,бројни цркви и манстири од средновековието,богатство од локални традиции,обичаи, архитектура и уметнички дела.<br>На просторот на Охридско Преспанскиот регион бкупниот број на досега заштитени недвижни добра,односно добра со заштитен статус на културно наследство изнесува 237, од кои најголемиот број се објекти од староградскара архитектура 133.<br>Подрачјето на катастарската општина Оздолени ,кое е предмет на анализа припаѓа на Охридскиот регион и според Просторниот план на Охридско Преспанскиот регион има регистрирани и евидентирани ндвижни споменици на културата (Експертен елаборат):<br>**– Недвижен споменик на културата регистриран со Решение:**<br>*1. Црква Св. Ѓорги, с.Оздолени.* |

| | |
|---|---|
| | **– Незаштитен археолошки локалитет кој е евидентиран и треба да биде валоризиран:**<br>*1. Арх.локалитет "Селиште на Брестон", с.Оздолени, населба од среден век.*<br>Во **Археолошката карта на Република С. Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на чевековата егзистенција,од најстарите времиња до доцниот среден век,на анализираното подрачје евидентиран е локалитетот:<br>– **КО Оздолени -** *Селиште-На Брестон, средновековна населба на околу 2км западно од селото,меѓу селските патишта Оздолени –Издеглавје и Слатино – Издеглавје.Според Просторниот план на Р.Македонија,најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.*<br>При изработката на планската документација од пониско ниво да се утврди точната позиција на утврдените ***локалитети со културно наследство*** и во таа смисла да се применат планските мерки на заштита на недвижното наследство:<br>– задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на палнски услови за нивна заштита,остварување на нивната културна функција,просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена во туристичкото стопанство,во малостопанството и услугите како и во севкупниот развој на државата<br>– планирање на реконструкција,ревитализација и конзервација на најзначајните споменични целини и објекти и организација и уредување на контактниот,околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и нивна соодветна презентација<br>– измена и доплнување н а просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспектот на заштитата на ндевижното културно наследство<br>Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М број 199/14, 44/15 , 193/15 , 31/16, 163/16 , 64/18 , и 168/18 ) културното недвижно наследство во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин на кој ќе се обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја на потенцирање на неговите |

| | |
|---|---|
| | градежни, обликовни и естетски вредности. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Локацијата се наоѓа на градежно непродуктивно земјиште |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема влијание во регионот. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со ЛУПД се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на одредени стопански активности со кои би се зголемиле приходите на локалното население и во пошарокиот регион, и индиректно преку даноците од работењето ќе биде значаен извор на приход на локалната самоуправа.<br>Овие приходи мултиплицирано во подолг период ќе овозможат зголемување на приходите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани. | |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти и нема индустриска зона , нема населено место и се наоѓа надвор од населено место и со реализација на активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ нема да има влијание врз животната средина т.е. ќе има позитивни | |

влијанија врз животната средина со собирањето на биомасата како растителен отпад и исто така и комуналниот отпад.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**
Планските содржини со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за развој во општина Дебрца, од аспект на приходи од даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.
Но, од аспект на животната средина може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите;
Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности;
Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;
Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;
Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;
Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;
Отпад: биомасата и комуналниот отпад ќе бидат третирани и користени како суровина во производниот процес на енергија
Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија пред се во однос на заштита на животната средина од аспект третирање на отпадот од биомаса и комуналниот отпад

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Сореализирање на планскиот документ нема да генерира проблеми напротив ќе ги решава проблемите со користењето на биомасата и комуналниот отпад како возобновлив ресурс во производниот процес на енергија.
Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на заштита на животната средина т.е со спроведување на планскиот документ се решава проблемот со третманот на биомасата како отпад во природата како и

комуналниот отпат на ниво на Општина Дебрца.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

За Локална урбанистичка планска документација со намена Е2-комунална супраструктура (производство на енергија од биомаса и биогас), на КП 1556/1 и КП 1556/2, КО Оздолени, општина Дебрца се изработени Услови за планирање на просторот кои се поврзани со следниве документи:

- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Нема спроведено претходна оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>ЗОРАН НОГАЧЕСКИ |
| **Бр.** 13-1306/1<br>**Датум** 17.06.2019 год.<br>**Место** Општина Дебрца | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА ДЕБРЦА М.П. |